**До:**

*Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“-Кичево*

**Адреса**

- Бул. Ослободување бр. 60А/I-1

(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015, 55/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следниве документи и информации:**

**Прашања поврзани со процена на капацитетите солгасно со Законот за јавните претпријатија**

1. Дали за избор на членови на управен одбор распишувате јавен повик согласно со член 17-а од Законот за јавните претпријатија? Доколку да, каде се објавува јавниот повик? Ве молиме доставете ни линк до последниот јавен повик?
   **НЕ/ Изборот е во надлежност на Владата на Република Северна Македонија која е основач на ЈП Студенчица - Кичево.**
2. Колку членови има управниот одбор на претријатието?
   **Управниот одбор на ЈП Студенчица има 7 (седум) членови.**
3. Колку лица се пријавиле на последниот јавен повик за избор на членови на управен одбор? Ве молиме доставете ни го последниот јавен повик за избор на членови на управен одбор?
   **Немаме информација.**
4. Ве молиме доставете ни линк од веб страницата каде се објавени биографиите на членовите на управниот одбор согласно со член 17-г став (6) од Законот за јавните претпријатија.
   **Владата на Република Северна Македонија основач на ЈП Студенчица ги носи Решенијата за именување на членови на управниот одбор и во нив нема информации за биографиите.**
5. Дали основачот на јавното претпријатие во периодот 2022, 2021 и 2020 година постапил согласно со членот 40 од Законот за јавните претпријатија и која мерка ја презел?
   **НЕ**

6. Дали тримесечните извештаи од членот 5 ставот (3) се објавени согласно со обврската од ставот (4) и ставот (5) од Законот за јавните претпријатија?
   **ДА на страната на ЈП Студенчица-Кичево https://new.studencica.com.mk/index.php/mk/**
7. Дали јавното претпријатие на својата интернет страница ги објавува податоците и информациите предвидени во членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер? Ве молиме доставете ни линк на кој се објавени наведените информации и податоци.
   **ДА ги објавува https://new.studencica.com.mk/index.php/mk/**
8. Дали јавното претпријатие има подготвено годишни планови за процена на ризици од корпуција (или слични акти)? Доколку имате такви акти ве молиме доставете ни копија.
   **ДА на страната на ЈП Студенчица new.studencica.com.mk/index.php/mk/**
9. Дали јавното претпријатие има подготвено интерни акти за спречување на судир на интереси? Доколку имате такви акти ве молиме доставете ни копија.
   **НЕМАМЕ**
10. Дали јавното претпријатие има подготвено интерни акти за примање на подароци на вработени во јавното претпријатие од трети лица? Доколку имате такви акти ве молиме доставете ни копија.
    **НЕМАМЕ**
11. Дали јавното претпријатие остварува редовни средби со претставници на основачот периодот 2022, 2021 и 2020 година? Доколку остврарувате средби, дали се работи за официјални средби на кои се води записник? Колку често се оствapуваат овие средби?
    **Не остварува средби со претставници на основачот.**
12. Колку прашања од советници од советот на единицата на локална самоуправа, основач на јавното претпријатие сте добиле во периодот 2022, 2021 и 2020 година? На колку од прашањата сте подговиле и доставиле договор? Ве молиме доставте ни копија од одговорите.
    **НЕМАМЕ**

Ве молиме доставете ни ги следните документи:

1. Статутот на јавното претпријатие (пречистен текст);
2. Актот за употреба на средствата остварени со работењето најавното претпријатие и покривањето на загубите;
3. Годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие за периодот 2022, 2021 и 2020 година;
   **Достапни се на https://new.studencica.com.mk/index.php/mk/**
4. Програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
   **Достапни се на https://new.studencica.com.mk/index.php/mk/**
5. Одлуката за определување на висината на месечниот надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор.
   **Висината на месечниот надоместок на претседателот на УО изнесува 12.000 денари, а на членовите на УО изнесува 10.000 денари.**

6. Договорот за уредување на односите на јавното претпријатие со директорот согласно со член 24 од Законот за јавните претпријатија.

**Прашања поврзани со процена на капацитетите за постапување согласно со Законот за заштита на укажувачите**

1. Дали во јавното претпријатие, обврските од Законот за заштита на укажувачите за прием и постапување по пријави за корупција, ги врши раководното лице или има назначеноовластено лице за прием на пријави?
   **Има назначено овластено лице за прием на пријави.**
2. Дали во јавното претпријатие има пропишано (донесено акти) со кои се уредуваат внатрешните процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и презема мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи?
   **ЈП Студенчица има донесено акти.**
3. Каков вид на образование има завршено лицето овластено за прием на пријави од укажувачи (обврска од член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор "Службен весник на РМ бр.46/2016")?
   **Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи има завршено високо образование.**
4. Колкаво работно искуство, пред назначувањето на лицето овластено за прием на пријави од укажувачи поседува истото(обврска од член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор "Службен весник на РМ бр.46/2016")?
   **Лицето овластено за прием на пријави од укажувачи пред да биде назначено поседува 4 години работно искуство во ЈП Студенчица.**
5. Лицето кое е овластено за прием на пријави од укажувачи, на која работна позиција е распоредено во јавното претпријатие согласно со актите за систематизација?
   **Стручен соработник на Директорот – Внатрешен ревизор.**
6. Колку обуки има посетувано лицето овластено за прием на пријави од укажувачи во периодот за кој е овластено да постапува во пријави?
   **Нема посетувано обуки.**
7. Кој ги финансира обуките на кои присуствувало лицето овластено за прием на пријави (дали надоместот за учество на обука го покрива вашата институција или е покриен од трети страни (организатор на обука, донатор и слично))? **/**
8. На лицето овластено за постапување по пријави од укажувачи достапни му се?

| | | |
|---|---|---|
| простор за работа соодветен за прием на странки | Да | **Не** |
| посебен компјутер обезбеден со единствено корисничко име и лозинка креирана од овластеното лице и позната само нему, со интернет конекција и посебно електронско сандаче за електронска пошта обезбедено со единствено корисничко име и лозинка креирана од | Да | **Не** |

| | | |
|---|---|---|
| овластеното лице и позната само нему | | |
| посебен приемен штембил | Да | **Не** |
| посебен деловодник | Да | **Не** |
| посебно поштенско сандаче | Да | **Не** |
| посебна телефонска линија | Да | **Не** |
| документарен ормар за обезбедено чување на примените пријави, записниците, примените и создадените документи и други материјали во врска со заштитеното надворешно пријавување, посебниот деловодник и приемниот штембил | Да | **Не** |
| друга опрема за примена на техничките и организациски мерки за заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави, а предвид прописите за заштита на личните податоци и прописите за заштита на класифицирани информации | Да | **Не** |

9. Дали за ангажманот на лицето овластено за постапување по пријави од укажувачи е предвиден дополнителен надоместок надвор од плата и колку изнесува тој надоместок на годишно ниво?
   **Не е предвиден дополнителен надоместок надвор од плата.**
10. Колку пријави за внатрешно пријавување согласно со Законот за заштита на укажувачите има примено вашата институција во 2022, 2021 и 2020 година одделно?
   **НЕМА**
11. Дали доколку имало пријави преку заштитено внатрешно пријавување во јавното претпријатие, пријавувачот е известен за постапувањето по пријавата согласно со законскиот рок а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата? /
12. По колку од доставените пријави се оформени предмети и пријавите се проследени до соодветните надлежни институции за постапување по нив? /
13. До кои надлежни институции се проследени пријави од укажувачи примени во јавното претпријатие? /
14. Дали за работи поврзани со вашата институција е направено заштитено надворешно пријавување согласно со член 5 од Законот за заштита на укажувачите во 2016, 2017 и 2018 година одделно? **НЕ**
15. Дали јавното претпријатие доставува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи до Државната комисија за спречување на корупција согласно со Законот за заштита на укажувачите за перидот 2016-2018 година?
   **ДА доставува.**
16. Дали во јавното претпријатие била спроведена постапка за надзор од Министерството за правда согласно со членот 15-а од Законот за заштита на укажувачите? **НЕ**
17. Дали на јавното претпријатие и е изречена глоба согласно со Законот за заштита на укажувачите? **НЕ**
18. Дали јавното претпријатие има организирано обуки за своите вработени или за други лица со цел да ги запознае со нивните права од Законот за заштита на укажувачите, а во насока да може да пријавуваат неправилности согласно со овој Закон? **ДА**

5. Дали податоците за контакт на лицето/лицата овластени за постапување по пријави од укажувачи се јавно објавени на вашата интернет страница? **ДА**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго----------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго----------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:-- [redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted] (назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

**Бараните информации се за потребите на проектот** [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Потпис:

Датум: 25.11.2022 година